РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

**Датум: 05.03.2018**

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Локалната заедница и општината заеднички ја креираат стратегијата за локален економски развој", а финансиски поддржан од Асоцијацијата на агенции за локална демократија АЛДА, а во рамките на проектот **„Граѓанските организации во служба на локалната демократија"** објавува Оглас за избор на двајца локални истражувачи за мапирање/скенирање на моменталната состојба во општина Старо Нагоричане. Истражувањето треба да му послужи на експертот кој што ќе биде ангажиран за изработка на извештајот реално да ја прикаже состојбата со локалниот, економски и рурален развој во општината.

Истражувачите ќе имаат за задача да ги идентификуваат и мапираат сите локални чинители кои што ќе изразат подготвеност да се вклучат во процесот на изработка на стратегијата. стратегии на општината, а кои што ќе му бидат доставени од страна на проектниот тим.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот севкупно е:

> **Р.1. Локалните чинители мапирани и информирани за начините и механизмите кои што го овозможуваат нивното вклучување во локалните демократски процеси**

**Квалификации на истражувачите**:

- Средно или универзитетско образование;
- Одлично развиени комуникациски, интерперсонални и фасилитаторски вештини.

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават професионална биографија (CV) најдоцна до **13 март 2018 година во општината Старо Нагоричане**.